# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ВИНИЦА

| ГОДИНА LIX Бр. 5 | Виница 01 Јуни 2022г. | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА |
|---|---|---|


**152**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување на Заклучок за повлекување на 23-та точка од Дневен ред**

1.Се објавува Заклучокот за повлекување на 23-та точка од Дневен ред Разгледување и донесување на Одлука по Барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Јован Симонски од с.Блатец, Виница, донесен на 9-та седница на Советот на општина Виница одржана на 31.05.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-660/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**За повлекување на 23-та точка од Дневен ред**

1.23-та точка Разгледување и донесување на Одлука по Барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Јован Симонски од с.Блатец, Виница се повлекува од Дневниот ред на 9-та седница на Советот.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница

Број 09-660
31.05.2022 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

**251**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Виница за 2022 година**

1.Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Виница за 2022 година, донесена на 9-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 31.05.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-661/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 33 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12,192/15, 167/16 и Сл.весник на РСМ бр.79/2020 и 151/2021) и член 21 од Статутот на Општина Виница (Сл.гласник на Општина Виница бр.08/2010, 12/2014 и 4/2019) Советот на Општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 г. донесе

ОДЛУКА
за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Виница
за 2022 година

член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Виница за 2022 година , на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Е00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 426990 | Други оперативни расходи | -80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **К30** | **МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати-други вработени | 203.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 27.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **К40** | **КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | -20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | -130.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Виница за 2022 година а ќе се објави во Службен гласник на Општина Виница.

Број 09-661
31.05.2021 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Блок 6 дел 1, 3 и 4 на г.Виница, плански период 2018-2023 година**

1.Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Блок 6 дел 1, 3 и 4 на г.Виница, плански период 2018-2023 година, донесена на 9-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 31.05.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-662/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18“) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на општина Виница ("Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе:

## ОДЛУКА
**За донесување на Детален урбанистички план за Блок 6 дел 1, 3 и 4 на г. Виница, плански период 2018-2023 година**

Член 1

Се донесува Детален Урбанистички план за Блок 6 дел 1, 3 и 4, плански опфат меѓу дел од новопланираната улица "2001" од ГУП за град Виница, ул. "Илинденска", ул."Кеј 30-ти Август", по оска на регулација на Градечка река и дел од граница на планскиот опфат на ГУП Виница, плански период 2018-2023 г. со вкупна површина од 17,99 ха.

Член 2

Деталниот урбанистички план за Блок 6 дел 1, 3 и 4 на г. Виница, плански период 2018 - 2023 година, со вкупна површина од 17,99 ха. Плански опфат е меѓу дел од новопланираната улица "2001" од ГУП за град Виница, ул. "Илинденска", ул."Кеј 30-ти Август", по оска на регулација на Градечка река и дел од граница на планскиот опфат на ГУП Виница, плански период 2018-2023 г...

Член 3

Подрачјето на планскиот опфат се наоѓа во северозападниот дел на градот Виница.
Границата на планскиот опфат е прикажана во графичките прилози, а се движи помеѓу следните улици:
- север - новопланирана улица “2001“ од важечкиот ГУП за град Виница;
- североисток - долж бул. “Илинденска“, ул. “Илинденска“ ;
- југ - улица “Илинденска“ , осовина на Градечка река ;
- југозапад - улица “Кеј 30-ти Август“ ;
- запад - дел од граница на плански опфат на ГУП Виница ;

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 17,99 ха.

Член 4

Донесениот Детален урбанистички план за Блок 6 дел 1,3,4, е изработен од „Друштво за планирање, проектирање и инженеринг Простор ДОО Куманово со тех.број 75/18 од 02/22 и се состои од текстуален и графички дел и за истиот ќе се грижи Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и локален економски развој - Одделение за урбанизам и урбанистичко планирање при Општина Виница.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-662
31.05.2022 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

**253**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010,12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

## РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за пристапување кон изработка на Детален Урбанистички план (ДУП) на с.Градец и Нова населба - Општина Виница**

1.Се објавува Одлуката за пристапување кон изработка на Детале Урбанистички план (ДУП) на с.Градец и Нова населба - Општина Виница, донесена на 9-та седница на Советот на општина Виница одржана на 31.05.2022 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-663/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 21 став 1 точка 7 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014 и 4/2019“), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе,

## ОДЛУКА

**За пристапување кон изработка на Детален Урбанистички план (ДУП) на с.Градец и Нова населба - Општина Виница**

Член 1
Се прифаќа иницијативата за пристапување кон изработка на Детален урбанистички план (ДУП) на с.Градец (440 000 м²) и Нова населба (200 000 м²).

Член 2
Изготвениот план по негово донесување ќе биде даден на Секторот за урбанизам, ЗЖС, комунални дејности и ЛЕР - оддление за урбанизам и урбанистичко планирање.

Член 3
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Виница“.

Број 09-663
31.05.2022 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

**254**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

## РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ООУ „Никола Парапунов“- с.Драгобраште, Виница**

1.Се објавува Одлуката за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ООУ „Никола Парапунов“- с.Драгобраште, Виница, донесена на 9-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 31.05.2022 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-664/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 20-б став 1 и став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018“ и Службен весник на Р.С.Македонија број 143/2019, 14/2020“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За давање Согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ООУ „Никола Парапунов“- с.Драгобраште, Виница**

Член 1
Се дава Согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ „Никола Парапунов“ - с.Драгобраште, Виница, број 03-103 од 28.04.2022 година.

Член 2
Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-664
31.05.2022 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

**255**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на СОУ „Ванчо Прке“- Виница**

1.Се објавува Одлуката за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на СОУ „Ванчо Прке“- Виница, донесена на 9-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 31.05.2022 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-665/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 20-б став 1 и став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018“ и Службен весник на Р.С.Македонија број 143/2019, 14/2020“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За давање Согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на СОУ „Ванчо Прке“- Виница**

Член 1
Се дава Согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на СОУ „Ванчо Прке“ - Виница, број 02-217/1 од 13.05.2022 година.

Член 2
Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-665
31.05.2022 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

**256**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010,12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за активностите на ОО на Црвен крст Виница во текот на 2021 година**

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за активностите на ОО на Црвен крст Виница во текот на 2021 година, донесен на 9-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 31.05.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-666/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Извештај за активностите на ОО на Црвен крст Виница во текот на 2021 година**

1.Се усвојува Извештајот за активностите на Општинската организација на Црвениот крст Виница во текот на 2021 година.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-666
31.05.2022 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

**257**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010,12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Програма за еднакви можности на жените и мажите и работата на КЕМ за 2022-2024 година**

1.Се објавува Програмата за еднакви можности на жените и мажите и работата на КЕМ за 2022-2024 година, донесена на 9-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 31.05.2022 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-667/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 и член 52 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014“), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за еднакви можности на жените и мажите и работата на КЕМ за 2022-2024 година**

## I. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Виница има обврска за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот. За остварување на оваа цел, Општината, согласно одредбите од член 14 од овој Закон, помеѓу останатото е должна да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Оваа Програма е усогласена со националните законски и стратешки определби како и со стратешките определби на Општина Виница.

Програмата произлегува од воочените проблеми со кои се соочуваат жените во општина Виница како што се: семејното насилство, недостаток на згрижувачки капацитети за деца и стари лица, социјална исклученост на ранливите групи а особено жртвите на семејно насилство и самохраните мајки, недоволното учество на жените во процесите на одлучување на локално ниво и сл.

## КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, функционира како постојано работно тело на Советот на Општина Виница.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Воспоставувањето на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите. Еднакви можности на жените и мажите е промовирање на начелото за воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој.

## ВИДОВИ НА МЕРКИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

1.Основни мерки за остварување на принципот на еднакви можности на жените и мажите се нормативни мерки од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување, социјалната заштита, пристапот до добра и услуги, економијата, работните односи и вработувањето, образованието и стручното усовршување, економските и сопственичките односи, користењето на јавните производи и услуги, (потрошувачки права), културата и спортот, информатичко комуникациски технологии, одбраната, правосудството и управата, домувањето, јавното информирање и медиумите, државната и јавната администрација и други области определени со овој или друг закон со кои се забранува дискриминација врз основа на пол.Основни мерки се и мерките со кои се воведува системско вклучување на еднаквите можности на жените и мажите во процесот на креирање, спроведување и следење на политиките и буџетите во посебните општествени области, вклучувајќи го извршувањето на функциите и надлежностите на субјектите од јавниот и приватниот сектор.

2.Посебни мерки се мерки насочени кон воспоставување еднакви можности, како и промовирање и унапредување на еднаквите можности во посебните области на општествениот живот. Посебните мерки се насочени кон отстранување на објективните пречки кои доведуваат до воспоставување на принципот на еднакво учество на жените и мажите или нееднаков статус на лица од еден наспроти лица од друг пол, при што истите даваат посебен придонес во форма на поттикнување на учество на помалку застапениот пол. Посебните мерки пред сѐ вклучуваат: -позитивни мерки. Со овие мерки се дава приоритет, во случај на нееднакво учество на жените и мажите во телата на власта на сите нивоа, вклучувајќи ја судската, законодавната и извршната власт, локалната власт, како и сите други јавни установи и служби, политичките функции, комисии и одбори, вклучувајќи и учествување во телата што ја претставуваат државата на меѓународно ниво додека еднаквото учество не биде постигнато. Нееднаквото учество на жените и мажите постои кога застапеноста на жените или мажите во телата на власта на сите нивоа, вклучувајќи ја судската, законодавната и извршната власт, локалната власт, како и сите други јавни установи и служби, политичките функции, комисии и одбори, вклучувајќи и учествување во телата што ја претставуваат државата на меѓународно ниво е помало од 40%.

## ПРИОРИТЕТИ НА КЕМ

- политичко јакнење на жените;
- економско јакнење на жените;
- борба против семејното насилство и насилството врз жените;
- подобрување на женското здравје (рак на матка и на дојка);
- подобрување на статусот на децата;
- баланс меѓу приватниот и професионалниот живот на жените;

- борба против стереотипите и предрасудите и подигање на свеста за потребата од родова рамноправност.

**КЕМ РАБОТИ И НА ПРАШАЊА КАКО**:

- родово одговорно буџетирање;
- жените, миротот и безбедноста;
- борба против дискриминација на жените и мажите, како и на маргинализираните заедници;
- подобрување на третманот на лицата со ХИВ/сида;
- подобрување на сексуалното образование;
- економско јакнење на руралните жени;
- јакнење на локалните комисии за еднакви можности и др.

**ОПШТА ЦЕЛ**

- Превенција од насилство, насилство врз жените и семејно насилство, (превенција и заштита од родово и полово базирано насилство);
- Промоција и вклучување на Општина Виница во родово одговорно буџетирање;
- Влијание во намалување на насилството кај децата и младата популација (разрешување на конфликти и превенција од насилство меѓу децата врз етничка, верска, полова и друга основа);
- Воспоставување на поголема соработка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ) со невладиниот сектор (НВО);
- Промоција на концептот за потикнување на еднаквите можности на жените и мажите и другите членови на заедницата за учеството во јавниот и политичкиот живот како значаен аспект за развој на граѓанско општество;
- Инклузија на децата со посебни потреби и пречки во развојот во образовниот систем;

**ПОСЕБНИ ЦЕЛИ**

- Активности насочени против родово базирано насилство и насилство врз жените вклучувајки го и семејното насилство и секаков вид на насилство;
- Активности насочени кон лобирање и подигнување на свеста на релевантните субјекти на локално ниво за значењето на родовите политики и вклучување на родовиот концепт во процесот на креирање на буџетот, локалните политики, програми и проекти во Општината;
- Превенција и намалување на конфликтите помеѓу децата поттикнатти од етнички, верски традиционални и други разлики и почитување на истите;
- Јакнење на соработката меѓу Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Виница со НВО;
- Еднакви можности на сите членови на заедницата за вклучување во јавниот, политичкиот и социјалниот живот (градење на Граѓански активизам)
- Активности со наставниците за полесна инклузија на децата со посебни потреби и пречки во развојот во образовниот систем;

**ЗАДАЧИ**

Вклучување на родовата перспектива во процесот на проценување на импликации за жените и мажите на секоја планирана акција, вклучувајќи ја законската легислативата, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа.

Припадниците на двата пола да стануваат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и програмите на сите политички, образовни, економски и социјални сфери на локално ниво.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Предлагач на Програмата е Комисијата за еднакви можности.

Реализацијата и следењето на активностите ќе биде преку Координаторот за еднакви можности од општина Виница како и Комисијата за еднакви можности.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-667
31.05.2022 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

**258**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010,12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

## РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за усвојување на Тригодишен Акциски план на КЕМ од Советот на општина Виница за 2022-2024 година**

1.Се објавува Одлуката за усвојување на Тригодишен Акциски план на КЕМ од Советот на општина Виница за 2022-2024 година, донесена на 9-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 31.05.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-668/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник Општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на Општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе:

## ОДЛУКА

**За усвојување на Тригодишен Акциски план на КЕМ од Советот на општина Виница за 2022-2024 година**

Член 1

Се усвојува Тригодишниот Акциски план на КЕМ од Советот на општина Виница за 2022-2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-668
31.05.2022 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

**259**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

## РЕШЕНИЕ

**За објавување на Заклучок за усвојување на Вкупен Финансиски извештај за приходи и расходи во изборната кампања за Локалните избори 2021 година на Либерално-демократска партија**

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Вкупен Финансиски извештај за приходи и расходи во изборната кампања за Локалните избори 2021 година на Либерално-демократска партија, донесен на 9-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 31.05.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-669/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**За усвојување на Вкупен Финансиски извештај за приходи и расходи во изборната кампања за Локалните избори 2021 година на Либерално-демократска партија**

1.Се усвојува Вкупниот Финансиски извештај за приходи и расходи во изборната кампања за Локалните избори 2021 година на Либерално-демократска партија.

2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-669
31.05.2022 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

**260**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010,12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

## РЕШЕНИЕ

**За објавување на Заклучок за разгледување на Информација за узурпација на државно земјиште на подрачјето на општина Виница за 2021 година**

1.Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за узурпација на државно земјиште на подрачјето на општина Виница за 2021 година, донесен на 9-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 31.05.2022 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-670/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**За разгледување на Информација за узурпација на државно земјиште на подрачјето на општина Виница за 2021 година**

1.Советот на општина Виница ја разгледа Информацијата за узурпација на државно земјиште на подрачјето на општина Виница за 2021 година.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-670
31.05.2022 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

**261**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

## РЕШЕНИЕ

**За објавување на Заклучок за разгледување на Информација за спроведување на пролетната сеидба на подрачјето на општина Виница во 2022 година**

1.Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за спроведување на пролетната сеидба на подрачјето на општина Виница во 2022 година, донесен на 9-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 31.05.2022 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-671/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**За разгледување на Информација за спроведување на пролетната сеидба на подрачјето на општина Виница во 2022 година**

1.Советот на општина Виница ја разгледа Информацијата за спроведување на пролетната сеидба на подрачјето на општина Виница во 2022 година.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница".

Број 09-671
31.05.2022 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

**262**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02") и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010,12/2014, 4/2019"), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Заклучок за разгледување на Информација за експлоатираноста, заштита, одгојот и обновувањето на шумскиот фонд на подрачјето на општина Виница во 2021 година**

1.Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за експлоатираноста, заштита, одгојот и обновувањето на шумскиот фонд на подрачјето на општина Виница во 2021 година, донесен на 9-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 31.05.2022 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница".

Број 10-672/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02") и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019"), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**За разгледување на Информација за експлоатираноста, заштита, одгојот и обновувањето на шумскиот фонд на подрачјето на општина Виница во 2021 година**

1.Советот на општина Виница ја разгледа Информацијата за експлоатираноста, заштита, одгојот и обновувањето на шумскиот фонд на подрачјето на општина Виница во 2021 година.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница".

Број 09-672
31.05.2022 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

**263**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02") и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019"), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Липец, с.Лески, с.Истибања и с.Градец**

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Липец, с.Лески, с.Истибања и с.Градец, донесен на 9-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 31.05.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-673/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Липец, с.Лески, с.Истибања и с.Градец**

1.Се усвојува Извештајот за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Липец, с.Лески, с.Истибања и с.Градец.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-673
31.05.2022 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

**264**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010,12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Правилник за критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица**

1.Се објавува Правилникот за критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица, донесен на 9-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 31.05.2022 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-674/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 62 став 1 од законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 и член 52 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**За критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите под кои може да се поднесе барање до Советот на општина Виница, за добивање на финансиски средства-еднократна парична помош, критериумите кои треба да ги исполнат барателите, постапката за реализација и исплата на средствата кон барателите.
Како баратели на средства може да се јават исклучиво физички лица.

**Член 2**

Согласно усвоениот буџет, парична и друга помош кон физичките лица ќе се доделува за следната намена:
-еднократна помош за лекување;
-еднократна помош за елементарни непогоди (пожари, поплави) и
-социјални пакети во прехрамбени продукти и средства за одржување на хигиена.
Доколку за истата намена е одобрена парична помош и друга помош од страна на Градоначалникот на општина Виница, Советот на општина Виница, нема да одобрува парична и друга помош.

**Член 3**

Средствата предвидени во буџетот на годишно ниво за еднократна парична помош на физички лица (поединци) наменета за лекување ќе се распределува според следните критериуми:

1. за лекување со оперативен зафат надвор од државата доколку оперативниот зафат не е покриен од фондот за здравствено осигурување до 15.000,00 денари;
2. за лекување надвор од државата до 9.000,00 денари;
3. за лекување со оперативен зафат во државата до 6.000,оо денари;
4. за лекување со соодветни испитувања во државата до 3.000,00 денари;
5.лица со хронична болест во одминат стадиум што ги ограничува во нормалното функционирање може да се додели до 15.000,00 денари.

За наведената помош од точка 1, 2, 3, 4 и 5, физичкото лице доставува барање со прилог медицинска документација со која подносителот на барањето располага.

Средствата од став 1 на овој член може да се користат само еднаш во текот на една календарска година.

За оправданоста на барањето, Советот на општина Виница донесува Одлука врз основа на заклучок донесен од надлежната комисија за финансирање, буџет и локален економски развој при Советот на општина Виница.

**Член 4**

Еднократна парична помош ќе се доделува на семејства настрадани од елементарни непогоди (пожари, поплави, земјотреси) во висина до 20.000,00 денари.

Составен дел на барањето е записникот од извршениот увид од СВР-Виница и потврда од ТППЕ Виница.

За наведената помош од точка 1, физичкото лице доставува барање со записникот од извршениот увид од СВР-Виница и потврда од ТППЕ Виница.

За оправданоста на барањето, Советот на општина Виница донесува Одлука врз основа на заклучок донесен од надлежната комисија за финансирање, буџет и локален економски развој при Советот на општина Виница.

**Член 5**

Социјални пакети во прехрамбени продукти и средства за одржување на хигиена во вредност до 3.000,оо денари по семејство, ќе се доделуваат врз основа на доставено барање од физичко лице со прилог потврда за социјален статус и семејна состојба.

Помошта од став 1 на овој член може да се користи само еднаш во текот на една календарска година.

За оправданоста на барањето, Советот на општина Виница донесува Одлука врз основа на заклучок донесен од надлежната комисија за финансирање, буџет и локален економски развој при Советот на општина Виница.

**Член 6**

Предност за користење на средствата имаат:
- жители на Општина Виница;
- непотполни семејства;
- самохрани родители;
- семејства во кои живеат хендикепирани лица;
- семејства во кои не работи ниту еден член;
- семејства во кои работи само еден член од семејството.

**Член 7**

Правилникот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-674
31.05.2022 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

**265**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

## РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Јаким Анастасов од Виница, за лекување на неговата ќерка**

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на Јаким Анастасов од Виница, за лекување на неговата ќерка, донесена на 9-та седница на Советот на

општина Виница одржана на ден 31.05.2022 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-675/2
31.05.2022 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), а по Барање број 09-223 од 23.02.2022 година, Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе:

## ОДЛУКА
**За одобрување финансиски средства на Јаким Анастасов од Виница, за лекување на неговата ќерка**

Член 1
На Јаким Анастасов од Виница, со стан на ул.„Браќа Миладинови“ бр.31, со ЕМБГ 0811944492028, се одобруваат финансиски средства во висина од 12.000,00 денари, за лекување на неговата ќерка Маријонка Стоименова.

Член 2
Финансиските средства да се преведат на сметка: 300057117452973 Комерцијална банка.

Член 3
Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-675
31.05.2022 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

**266**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Страшо Јованов од с.Трсино, Виница, за лекување на неговиот син**

